СТОМАТОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ ЗА МАНДАТНИОТ ПЕРИОД 1992 - 1994 ИЗБРА НОВ ДЕКАН И НОВИ ПРОДЕКАНИ

На 16 септември 1992 година, Советот на Стоматолошкиот факултет во Скопје, за мандатниот период 1992 - 1994 година го избра за декан проф. д-р Методи Симоновски, а за продекани, проф. д-р Марија Накова и проф. д-р Слободан Лазаревски.
Во своето прво, инаугурационо обраќање до членовите на Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет, на 30 септември 1992 г., новоизбраниот декан, примајќи го деканскиот синџир од проф. д-р Ефтим Мирчев, со пригодни зборови ја прифати новата функција.

Проф. д-р МЕТОДИ СИМОНОВСКИ е роден на 18. X 1941 година во с.Ѓавато-Битола. Стоматологија завршил во Скопје во 1965 година, на Медицинскиот факултет - Отсек за стоматологија, кога го добил и првото вработување. Во 1976 година се вработил на Стоматолошкиот факултет во Скопје, а во истата година се здобил со звањето специјалист по болести на устата и забите и бил избран за асистент по предметот болести на устата. Доктор по стоматолошки науки станал во 1983, кога е избран за доцент по предметот болести на устата и пародонтот. Во 1988 година е избран за вонреден професор. Во публицистичкиот опус на професор Симоновски се вбројуваат и над 70 стручно-научни трудови и реализација и објавување на два научни проекти, еден како раководител а еден како соработник.

Освен стручниот престој во Централниот научно-истражувачки институт во Москва, како корисник на Фулбрајтовата стипендија бил на усовршување на Харвардскиот универзитет во Бостон и на Државниот универзитет во Охајо, САД, каде го проучувал феноменот на коскената алвеоларна ресорпција и хируршкиот треман на пародонталната болест, па оттука и воведувањето на повеќе нови, модерни методи и техники (мукозна автотрансплантација, латерален мукопериостеален автотрансплантат, периостеална сепарација и други) во третманот на пародонталната болест во клиничката практика.

Професор Симоновски бил во повеќе наврати секретар и претседател на Републичката, специјалистичка секција за болести на устата, забите и пародонтот на Македонија, секретар и член на Редакцискиот одбор на стручното списание Македонски стоматолошки преглед, а во телата на Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет, секретар на Научниот одбор и претседател на Кадровскиот. Сега е актуелен советник на Фулбрајтовата асоцијација за областа стоматологија на доскорешниот југословенски простор.

Макед Стоматол Прегл 1992; 16(3-4): 190-1.

Проф. д-р МАРИЈА НАКОВА е родена на 30. IX 1946 година во Радовиш. Во 1971 година дипломирала на Медицинскиот факултет - Отсек за стоматологија. Како на стипендист на Републичкиот секретаријат за образование и култура, на тема *"Промени во протеинскиот состав на плунката при разни патолошки состојби во устата"* и била одобрена работа на Клиниката за болести на устата, каде што, во 1972 година и

била вработена и избрана за асистент. Во 1975 година се здобила со звањето специјалист по болести на устата и забите, а во 1976 година магистрирала на тема *"Прилог кон познавањето на протеините, јаглените хидрати и мастите во плунката и плазмата од пациенти со прогресивна пародонтопатија"* и станала прв магистер на стоматолошки науки во македонското стоматолошко миље. Доктор на стоматолошки науки станала во 1980 година, одбранувајќи ја тезата *"Процена на метаболните промени во гингивалното ткиво од пациенти со прогресивна пародонтопатија преку следење на вградувањето на маркирани аминокиселини и хијалуронидазната активност"*. со што го усмерува својот стручен интерес кон лекување на прогресивната пародонтопатија. Во 1981 е избрана за доцент по предметот орална патологија со пародонтологија, а во 1986 за вонреден професор. Од 1982 година е редовен професор по истиот предмет.

Професор Накова има објавено над 90 стручни и научни публикации и учествувала во изработка на научни проекти. Била делегат на Стоматолошката секција во Македонското лекарско друштво, член на разни одбори и комисии на Наставно-научниот совет во Стоматолошкиот факултет и претседател на Стручните одбори на традиционалните редакторски собири во Републикава. Проф. д-р Накова е заменик на главниот уредник на списанието "Македонски стоматолошки преглед" и раководител на Институтот за научноистражувачка работа на Стоматолошките клиники.

Проф. д-р СЛОБОДАН ЛАЗАРЕВСКИ е роден во с.Орланци - Кичево во 1939 год. Стоматологија завршил во Скопје, во 1968 год. и се вработил во Универзитетската поликлиника, едновремено волонтирајќи на Одделот за максилофацијална хирургија, каде што, во 1970 година и се вработил и бил избран за асистент. Со звањето специјалист по максилофацијална хирургија се здобил во 1974 година, а во 1980 го одбранил хабилитационот труд на тема *"Согледувања во функционалните параметри при хируршкиот третман на мандибуларниот прогнатизам"*. Истата година бил избран за доцент по предметот максилофацијална хирургија. Во 1982 г. му е доделено звањето примариус. Стручни усовршувања има остварено на Военомедицинската академија во Белград, потоа во Германија, во Гетинген, и во 1985 и на Интернационалниот Линков семинар за орална имплантологија во Дизелдорф.

Професор Лазаревски има објавено над 60 стручно-научни публикации.

Во 1987 година професор Лазаревски е избран за продекан на Стоматолошкиот факултет во Скопје и оттогаш, бил избиран на истата функција за уште два мандатни периода. Доделена му е Плакета на Универзитетот "Кирил и Методиј" од Скопје и е член во Советот за здравство при истоименото Министерство на Република Македонија.

ОД ГЛАВНИОТ УРЕДНИК

ПРОФ. Д-Р ИЛИЈА ВАСКОВ

добитник на највисокото општествено признание наградата "11октомври" за 1992 година

Покрај бројните досегашни признанија, оваа година, за севкупната досегашна ангажираност и врвни стручно-научни постигнувања, на професор Илија Васков му беше доделено највисокото општествено признание, наградата "11 октомври", на нашиот драг учител и ценет универзитетски професор, кој на бројни генерации стоматолози, а и медицинари им ги формираше и отвораше не само стоматохируршките, туку и пошироките стоматолошки и медицински видици, на човекот, кој на речиси секое досегашно признание одговараше реципроцитетно, со издавање учебник, монографија или книга, на извонредниот организатор, кој врз скромниот стоматохируршки фундамент изгради и понатаму го доградува современиот македонски максилофацијален естаблишмент, на извонредниот истражувач, но, пред се, брилијантен клиничар, максилофацијален хирург, што не останува незабележено и од пошироката европска и компетентна стручно-научна јавност, која го избра за постојан член на Извршниот одбор на Интернационалната стручно-научна асоцијација на максилофацијалните хирурзи, како единствен од поширокиот балкански простор.

Највисокото општествено признание, доделено на проф. д-р Илија Васков, секако дека претставува своевидно признание и за Клиниката за максилофацијална хирургија, за нашиот Стоматолошки факултет, но и за македонската стоматологија, воопшто, со надеж дека ќе претставува еклатантен пример и патоказ кој ќе поприми адекватна генерирачка димензија, пред се кај помладите наставници и соработници, како сериозна претпоставка за натамошен и уште попрогредиентен д на Клиниката за максилофацијална хирургија и нашиот Стоматолошки факултет.

Проф. д-р **Методи Симонов[illegible]аски,** dr. sci

Макед Стоматол Пр[illegible]регл 1992; 16(3-4): 192-3.

ПРОФ. Д-Р ТОМЕ ТУЏАРОВ

visiting professor на постдипломските и специјалистички студии на интернационалната школа за традиционална медицина и акупунктура при Европскиот центар за мир и развој на Универзитетот за мир на ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ

Научно-наставниот совет на Европскиот центар за мир и развој на Универзитетот за мир при Обединетите нации, високо респектирајќи ја долгогодишната успешна активност и придонес во наставната и научно-истражувачката дејност, како и интеграцијата на класичната и традиционалната медицина, посебно на планот на електроакупунктурата, дијагностиката и терапијата во современата медицина, со решение од 25 септември 1992 година, а за период од три години, го избра д-р ТОМЕ ТУЏАРОВ за постојан редовен visiting professor на постдипломските и специјалистички студии на Меѓународната школа за традиционална медицина и акупунктура при Европскиот центар за мир и развој на Универзитетот за мир при Обединетите нации.

Ова е одраз на високиот респект кон нашиот ценет универзитетски професор, што, едновремено претставува и признание на Клиниката за максилофацијална хирургија и Стоматолошкиот факултет во Скопје,

Проф. д-р **Методи Симоновски,** dr sci

16. КОНГРЕС НА БУГАРСКОТО НАУЧНО ДРУШТВО ЗА СТОМАТОЛОГИЈА

5 - 7 ноември, 1992, Софија, Бугарија

Од 5 до 7 ноември 1992 година, во Софија, Бугарија, се одржа 16.Конгрес на стоматолозите на Бугарија, во организација на Бугарското научно друштво за стоматологија и Стоматолошкиот факултет од Софија. Конгресот претставуваше своевидна манифестација на досегашните активности на колегите од Бугарија, како на стручен така и на научен план. Оваа манифестација имаше и меѓународен карактер. Конгресот се совпадна со 50-годишниот јубилеј од формирањето на Стоматолошкиот факултет. Учествуваа над 250 стоматолози од сите области на стоматологијата

На свеченото отворање, Конгресот го поздравија претставници на повеќе светски стоматолошки центри, меѓу кои и претставници на нашиот Факултет.

Беше интересно да се присуствува на една ваква манифестација од аспект на проширување на сопствените знаења, како и од аспект на можноста да се остварат стручно-научни контакти со колегите од земјата-домаќин, како и со присутните гости од странство.

Главна тема на Конгресот беше АКТУЕЛНИ ПРОБЛЕМИ ВО СТОМАТОЛОШКАТА ПРОФИЛАКСА И ЛЕКУВАЊЕТО. Презентациjата на темите се одвиваше низ пленарни предавања, видеопроекции и постер-сесија.

Тематски, и по својата концепциска содржина и по приказ, пленарните предавања беа проследени со интересни новини во лекувачката практика на стоматолошките заболувања, збогатени со плодни дискусии. Видеопроекциите беа од стандарден тип, со богати прикази од стоматолошката казуистика. Посебен интерес побудија проекциите од стоматолошката имплантологија, каде што беа соопштени резултатите од примената на некои нови типови имплантати. Не беше мал бројот на трудовите во постер сесијата, како современ и често застапуван начин на излагање на ваков вид собири.

Во склоп на Конгресот се одржа и богата презентација на стоматолошки материјали, инструменти и опрема од познати светски фирми.

Би биле премногу скромни ако, во овој извештај не го споменеме и нашето активно учество на оваа манифестација. Имено, нашата делагција, многу успешно презентира дел од постигањата на македонската стоматологија, збогатувајќи ја оваа манифестација со седум соопштенија.

Од Конгресот беше објавен и Зборник на кратки содржини од сите презентирани трудови.

Доц. д-р **Драголјуб Велески,** dr sci

Макед Стоматол Прегл 1992; 16(3-4): 194-7.

ДОКТОРИРАА НА СТОМАТОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ ВО 1992 ГОДИНА

- Д-р Љубен ГУГУЧЕВСКИ: Електромиографска процена на физиолошкото мирување и интероклузално растојание кај корисниците на тотални протези (16.01.1992), ментор: проф. д-р Радослав Наумовски, област: стоматолошка протетика

МАГИСТРИРАА НА СТОМАТОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ ВО 1992 ГОДИНА

- Д-р Силвана ГЕОРГИЕВА: Прилог кон етиологијата на глосопирозите (16.10.1992), ментор: проф. д-р Марија Накова, област: Орална патологија со пародонтологија
- Д-р Алберто БЕНЕДЕТИ: Петгодишно преживување кај пациенти со карцином на долната усна во зависност од применетата метода на лекување (17.11.1992), ментор: проф. д-р Олга Серафимова

СТОМАТОЛОЗИ КОИ СЕ ЗДОБИЛЕ СО ЗВАЊЕТО СПЕЦИЈАЛИСТ ВО 1992 ГОДИНА

ДЕТСКА И ПРЕВЕНТИВНА СТОМАТОЛОГИЈА

- Д-р Цана Поповска, Струмица, 6.02.1992
- Д-р Лилјана Ивановска, Скопје, 24.02.1992
- Д-р Вера Наумовска, Струга, 25.02.1992
- Д-р Дунавка Арсова, Охрид, 6.04.1992
- Д-р Љубица Ѓолева, Скопје, 8.04.1992
- Д-р Славица Самарџиева, Титов Велес, 13.04.1992
- Д-р Мирослава Ангеловска, Скопје, 14.04.1992

ОРТОДОНЦИЈА

- Д-р Адем БАФТИЈАРИ, Качаник, 27.02.1992
- Д-р Вера МАНЧЕВА, Скопје, 25.03.1992
- Д-р Марионка ИВАНОВСКА, 24.09.1992

ОРАЛНА ХИРУРГИЈА

- Д-р Зоран Шапески, Охрид, 18.02.1992
- Д-р Јове Димитровски, Битола, 3.03.1992
- Д-р Стојан Доневски, Штип, 5.11.1992
- Д-р Троодија, Стилијану, Кипар, 5.11.1992

МАКСИЛОФАЦИЈАЛНА ХИРУРГИЈА

- Д-р Алберто Бенедети, Скопје, 12.05.1992
- Д-р Златко ВРШКОВСКИ, Битола, 20.11.1992

БОЛЕСТИ НА ЗАБИТЕ И ЕНДОДОНТОТ

- Д-р Милена Илиевска, Скопје, 19.02.1992

БОЛЕСТИ НА УСТАТА И ПАРОДОНТОТ

- Д-р Љубица НИКОЛОВСКА, Скопје, 7.04.1992
- Д-р Марина Миловановиќ Лилија, Тетово, 10.04.1992
- Д-р Никуш Нонкуловски, 22.05.1992
- Д-р Ратка Киранџиска, Скопје, 8.06.1992

ОПШТА СТОМАТОЛОГИЈА

- Д-р Златко КУЗМАНОВСКИ, Неготино, 23.03.1992
- Д-р Златко ГОЛАБОВСКИ, Струга, 22.10.1992
- Д-р Љупка КОЧОВСКА, Струга, 25.12.1992

СТОМАТОЛОШКА ПРОТЕТИКА

- Д-р Бранко ЈОВАНОВСКИ, Скопје, 14.04.1992
- Д-р Угрин СИНЏИРОВСКИ, Гостивар, 24.04.1992
- Д-р Томислав ГЕОРГИЕВСКИ, Битола, 9.07.1992
- Д-р Владимир ХАЏИ-ПОПОВСКИ, Битола, 13.07.1992
- Д-р Вера КОСТОВСКА, Битола, 7.10.1992
- Д-р Климе КАЈМАКОСКИ, Скопје, 17.11.1992
- Д-р Златко ДЕЛОВ, Битола, 25. 12.1992

ДИПЛОМИРАЛЕ НА СТОМАТОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ ВО 1992 ГОДИНА

ПЕЦУРОВСКА Благој Невенка, с. Руново, 14.01.1992; МИТИЌ Прокопие Аница, Скопје, 22.01.1992; МАРИНОСКИ Спасе Јово, Охрид, 27.01.1992; ТРАЈЧЕВА Никола Тина, с.Пиперово, 30.01.1992; АТАНАСОВСКА Симеон Анета, Куманово, 30.01.1992; ЧАУШЕВССКА Симо Соња, Скопје, 30.01.1992; МУСТАФОВА Џелал Ајтем, Струмица, 31.01.1992; ГРУЈОСКА Петко Весна, 131.01.1992; ТАСЕВ Славчо Митко, Кочани, 1.02.1992; ШАЌИРИ Мехмет Фатмир, с.Штимље, 3.02.1992; АЛИЛИ Шабан Љатиф, 3.02.1992; ФЕРАТИ Енвер Ермира, Тетово, 7.02.1992; МАВРОДИСИ Илијас Марија, Романија, 19.02.1992; ДАРВИШ Аднан Рауф, Сирија, 20.02.1992; ИЛИОСКА Алаксандар Лилјана, Прилеп, 21.02.1992; ГЕОРГИЕВА Павле Нарциса, Штип, 21.02.1992; ПЕТРОВСКА Ангел Светлана, 24.02.1992; ЈАГУРИНОСКА Владимир Елизабета, с.П.Рувци, 27.02.1992; КОЧОСКА Крунислав Павлинче, 2.03.1992; ГУГАчОСКА Галип Сузана, Кичево, 2.03.1992; СЕМЕНКОВА Васил Олгица, Струмица, 3.03.1992; РИСТОВА Владимир Иванка, Скопје, 22.03.1992; ЧАВКОВА Александар Костадинка, Штип, 30.03.1992; КРСТЕСКА Зоран Татјана, Прилеп, 31.03.1992; ПАНЧЕВСКИ Трајко Горан, Дебар, 31.03.1992; ШУНТЕВ Киро Марјан, Струмица, 3.04.1992; АЛИ АХМАД Атамнех, Јордан, 7.04.1992; СТЕФКОВ Стефан Димитар, Скопје, 7.04.1992; СТОЈЧЕВСКИ Тодор Александар, Скопје, 21.04.1992; СТОЈКОВСКА Александар Вера, Битола, 22.04.1992; ЛОЖАНКОВСКА Петко Весна, Скопје, 24.04.1992; БИЗЕРИЈАНИС Николас Јоргос, Романија, 28.04.1992; АБДУЛ Мацид Машлах, Сирија, 30.04.1992; АНГЕЛОВСКИ Димитар Боби, Скопје, 30.04.1992; ЗАРИЕВСКА Александар Татјана, Битола, 4.05.1992; СТРАЧКОВСКА-ТРИФУНОВСКА Лазар Билјана, Скопје, 5.05.1992; ЈАНЕВСКИ Христо Владимир, Струмица, 29.05.1992; ПОПАЦЕВА Александар Виолета, Скопје, 29.05.1992; ЗВЕЗДАКОВСКИ Христо Златко, Битола, 1.06.1992; ЛАЗАРЕВ Димитар Томе, Струмица, 4.06.1992; ХАСАН АХМАД Ел Хиндави, Јордан, 4.06.1992; СТОЕВ Фиданчо Игор, Виница, 4.06.1992; ОСМАН Хајри Семра, Охрид, 12.06.1992; МАЛЕНКОВА Новак Афродита, Скопје, 26.06.1992; МИЦЕВСКА Атанас Лидија, Струмица, 26.06.1992; МИХАИЛОВСКИ Симеон Чедо, Крива Паланка, 1.07.1992; ЈАКИМОВСКИ Раде Владо, 3.07.1992; КИРКОВ Љубомир Антонио, Скопје, 3.07.1992; ИВАНОВСКА Симеон Калинка, Скопје, 6.07.1992; СРБИНОВСКА Алексо Снежана, 10.07.1992; ЗЕНДЕЛОВА Михаил Јулијана, 13.07.1992; МИРЧЕВА Мирко Весна, 30.09.1992; ТРАЈАНОВСКИ Борис Орце,

с.Н.Мозура, 30.09.1992; СИМОНОВА Славе Силвана, Кочани, 1.10.1992; БОГДАНОСКА Татјана, Скопје, 1.10.1992; ЈАНЕСКИ Драган Љупчо, Кавадарци, 28.10.1992; ЈОВАНОВСКА Лазар Македонка, с.Мировци, 29.10.1992; ДУСЕВА Александар Драгица, с. Сушица, 2.11.1992; СААИД Хоноуш Есам, Сирија, 2.11.1992; МУСИ Усев Сабит, с.Глоѓи, 2.11.1992; АЏИСАНКОВА Тодор Илијана, Скопје, 2.11.1992; САМАРЏИЕВА Томислав Христинка, Битола, 2.11.1992; МАНЕВА Борис Билјана, Титов Велес, 2.11.1992; СТОЈАНОВА Христо Орхидеја, с.Ново Село, 5.11.1992; ЕЛЕНОВА Трајчо Славица, Кавадарци, 10.11.1992; БАЧЕВА Петар Лидија, Струмица, 18.11.1992; ПАНДОВ Димитар Коста, Пехчево, 25.11.1992; БУОВА Борис Весна, Скопје, 27.11.1992; СУЛА Хамдин Фето, с.Јогол, 30.11.1992; ЈАКОВЉЕВИЌ Владислав Ана, Скопје, 30.11.1992; ЈЕРГ ИНГО Герхард Хапел, Германија, 1.12.1992; МОХАМЕД АБЕД Авад Ашур, Јордан, 1.12.1992; ТУФЕКЧИЕВА Ѓорѓе Маргарита, 8.12.1992; ШУНТЕВ Димитрие Дарко, Скопје, 25.12.1992; МИЛОВАНОВИЌ Воислав Весна, 25.12.1992; МИЛОСАВЉЕВИЌ Душан Валентина, Штип, 25.12.1992; КЛИНЧАРОВА Ристо Маричка, Кавадарци, 25.12.1992; ДАВИТКОВА Бранислав Елизабета, Шведска, 28.12. 1992; КИЧЕЕЦ Илија Виолета, Охрид, 28.12.1992; СИМОНОВСКА Илија Славица, Прилеп, 29.12.1992; КОЛАШИНАЦ Хасан Накшија, Скопје, 29.12.1992; ВЕЈСЕЛИ Хусниризa Сузана, Тетово, 30.12.1992.